РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
"ХРИСТО УЗУНОВ"
Бр. 03-126/1
17.04. 2026 год
с. Другово - Кичево

ДО
Совет на Општина Кичево

**ПРЕДМЕТ:** Барање за основање и реализација на настава во продолжен престој во основното училиште.

Почитувани,

Врз основа на член 40 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20 и 3/25), со кој се овозможува организирање на воспитно-образовна работа во продолжен престој, Ви се обраќаме со Барање за **основање и реализација на настава во продолжен престој** во нашето училиште.

Со цел подобрување на воспитно-образовниот процес и обезбедување поголема поддршка на учениците и нивните родители, сметаме дека воспоставувањето на продолжен престој е од особено значење. Истовремено, ваквата организација е од особено значење и за родителите, имајќи ги предвид нивните работни обврски.

Од наредната учебна година, во училиштето ќе остане вишок одделенски наставник, со што е **обезбеден наставниот кадар** за реализација на наставата во продолжен престој. Дополнително **обезбедени се и финансиски средства** потребни за спроведување на оваа активност како и **просторни услови** за непречено организирање и спроведување на истата.

Имајќи го предвид горенаведеното, Ве молиме да ни дадете СОГЛАСНОСТ за основање и реализација на настава во продолжен престој во нашето училиште.

Со почит!

16.4.2026
с. Другово

ЦОУ "ХРИСТО УЗУНОВ" – ДРУГОВО
ДИРЕКТОР

Билјана Анѓелеска